10.50-11.50 **Adapting the TEACCH 'structured teaching' approach for individuals with multiple disabilities and visual impairments** – *David Preece, Jasmina Troshanska*

11.50-12.50 **Early treatment with developmental and ABA therapy** – *Zemrijet Bela-Veseli NGO "Imago Plus"*

12.50-13.50 **Personal planning for the purpose of the deinstitutionalization process** - *Vlado Krstovski,* Republic center for support of persons with intellectual disability – PORAKA

**13.50-15.00 Lunch break**

**15.00 Meeting of the scientific and organization committee**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ДОМИНАНТНАТА ЛАТЕРАЛИЗАЦИЈА НА МАЈКИТЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА СЕКОЈДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ И ДОМИНАНТНАТА ЛАТЕРАЛИЗАЦИЈА НА ГОРНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ КАЈ НИВНИТЕ ДЕЦА

**Маја Филиповска**
**Оливера Рашиќ-Цаневска**
**Александра Каровска-Ристовска**
**Наташа Станојковска-Трајковска**

Институт за дефектологија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

## Резиме

*Со оглед на постоењето на биолошки и средински теории за доминацијата на горните екстремитети, спроведеното истражување има цел да утврди постоење на влијанието на доминантната латерализација на горните екстремитети на мајката при извршување на секојдневните активности со нивните деца. За таа цел беше користен примерок од 335 испитаници од женски пол и беа поставени задачи од три секојдневни активности: подавање на шише/цуцла, подавање на прибор за јадење и подавање на предмет за боење (дрвена боичка). Обработените резултати со Хи квадрат тестот покажуваат дека доминантната латерализација на мајките има улога во секојдневните активности со децата, без разлика на доминантниот горен екстремитет на децата.*

**Клучни зборови:** доминантна латерализација, горни екстремитети, десноракост, леворакост

## Вовед

Латерализацијата претставува локализирање на функцијата или активноста на едната страна која е доминантна, за сметка на другата (Bojanin, 1985). Латерализацијата на телото се остварува постепено со созревањето на централниот нервен систем, како и преку искуства кои се стекнуваат преку опсервација, кинестезија и осознавање дека се случила латерализацијата. Почнуваме да откриваме дека латерализацијата е доминантна за едната, а субдоминантна за другата страна на нашето тело (Ćordić&Bojanin, 1992). Што се однесува до латерализацијата на горните екстремитети, таа се дефинира како тенденција за употреба на едната рака при изведба на повеќето активности, за сметка на другата рака (Perelle&Ehrman L, 2005) и претставува израз на доминација на мозочните хемисфери (Бојанин, 2016; Perelle&Ehrman L, 2005). Веќе е добро познато дека двете страни од телото се контролирани од спротивната страна на мозокот (Annett, 2013). Согласно на тоа, доминацијата на левата хемисфера резултира со десноракост, а десната со леворакост.

За доминацијата на горните екстремитети и превалентноста во општата популација постојат различни теории. Едни сметаат дека, со оглед на тоа што може да се утврди приближно иста пропорција на десничари и левучари во различните култури во светот, како и во сите историски периоди, факторите за латерализацијата на горните екстремитети се биолошки. Од друга страна пак, доколку може да се докаже дека пропорцијата на левучари и десничари може да варира под влијание на одредени социјални и технички промени, тогаш

доминантноста на екстремитетите подлежи на културолошки влијанија (Chisnall, 2012). Како што потенцира и Harris (1990), и покрај показателите дека доминацијата на горните екстремитети е во суштина биолошка особина, тоа не значи дека средината не е важна. Таа дава можност биолошката особина да се изрази и развие во доминација на еден од екстремитетите. Односно, доминантната латерализација на горните екстремитети претставува краен производ на еден долготраен и разновиден биосоцијален процес. Со истото се согласуваат и Morange-Majoux и Devouche (2014). Во еден од нивните експерименти, тие покажале дека доколку бебињата имале генетска ориентација кон десната рака, на таа ориентација моментално можел да влијае социјалниот контекст, односно поттикнувањето од страна на родителите и на тој начин да се зацврсти или спречи истата таа ориентација. Во суштина, родителите, без разлика дали се деснораки или левораки, претставуваат модел за своите деца кои тие го следат и имитираат (Johnston, Shah & Shields, 2007). На овој начин средината може да влијае врз формирањето на доминантната латерализација на горните екстремитети.

## Методологија

Согласно со утврдените показатели во литературата за можни влијанија на средината врз доминацијата на горните екстремитети, целта на спроведеното истражување е да се утврди влијанието на доминантната латерализација на горните екстремитети на мајките врз формирањето на доминантната латерализација кај нивните деца при изведување на секојдневните социјални активности. Согласно со поставената цел, истражувачките задачи беа во насока да се утврди дали мајките, свесно или несвесно, вршат влијание кај своите деца во три основни активности за време на формирањето на доминантната латерализација: подавање на шишето/цуцлата, подавање на приборот за јадење и подавање на боички, како три основни активности. Истражувањето е квантитативно спроведено со помош на техниката на анкетирање. Како инструмент беше користен посебно конструиран прашалник со прашања од отворен и затворен тип.

Поставените истражувачки хипотези беа следни:

$X_0$–Доминантната латерализација на горните екстремитети на мајките нема улога во извршувањето на секојдневните активности со нивните деца.

Доколку нултата хипотеза не се докаже, тогаш се прифаќа следната алтернативна хипотеза:

$X_A$ – Постои статистички значајна разлика помеѓу деснораките и леворакитe мајки во извршувањето на секојдневните активности со нивните деца, без разлика на доминантната латерализација на децата.

*Помошни хипотези:*

$X_1$ – Деснораките мајки почесто подаваат цуцла и шише во десната рака на своите деца;

$X_2$ – Постои статистички значајна разлика помеѓу деснораките и левораките мајки при подавањето на приборот во доминантната рака на нивните деца;

помеѓу подавањето на приборот за јадење и доминантната латерализација на горните екстремитети на мајката;

$X_3$ – Левораките мајки почесто ги подаваат боичките во доминантната рака на нивните деца, отколку деснораките мајки;

За истражувањето е користен случаен примерок од 335 мајки кои даваа свои одговори на посебно конструиран прашалник со прашања од отворен и затворен тип, поврзани со целта на истражувањето. Добиените податоци беа обработени со помош на дескриптивна статистика (фреквенција и процент), а беше користен и Хи квадрат тестот, со цел да се утврди постоењето на значајност на разлика и тестирање на хипотезите. За анализата со Хи квадрат тестот беа употребени 3 варијабли: доминантната латерализација на горните екстремитети на мајката, доминантната латерализација на горните екстремитети на нејзиното дете и страната на која биле подавани секој од предметите за сите три секојдневни активности (десна, лева и на средина).

**Резултати**

Во табелата бр. 1 е даден преглед на употребната доминантна латерализираност на горните екстремитети на мајките од вкупниот примерок.

***Табела бр. 1 Доминантна употребна латерализација на горните екстремитети на мајките***

| Доминантна | Ферквенција (f) | Процент |
|---|---|---|
| Десна | 312 | 93 % |
| Лева | 23 | 7 % |
| Вкупно | 335 | 100 % |

Најголем број од испитаниците во примерокот (93 %) имаат десна доминантна рака, додека само 23 од нив доминира левиот горен екстремитет.

***Табела бр. 2 Доминантна употребна латерализација на горните екстремитети на децата***

| Доминантна | Ферквенција (f) | Процент |
|---|---|---|
| Десна | 290 | 87 % |
| Лева | 45 | 13 % |
| Вкупно | 335 | 100 % |

***Табела бр. 3 Активност: подавање на шише/цуцла, во корелација со доминантната латерализација на мајките и децата***

| Доминантна латерализација на мајката | | | | Подавање_шише | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | десна | лева | средина | |
| десна | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 223 | 2 | 52 | 277 |
| | | | Expected Count | 222.0 | 5.3 | 49.7 | 277.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 80.5 % | 0.7 % | 18.8 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 27 | 4 | 4 | 35 |
| | | | Expected Count | 28.0 | .7 | 6.3 | 35.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 77.1 % | 11.4 % | 11.4 % | 100.0 % |
| | Total | | Count | 250 | 6 | 56 | 312 |
| | | | Expected Count | 250.0 | 6.0 | 56.0 | 312.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 80.1 % | 1.9 % | 17.9 % | 100.0 % |
| лева | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 6 | 1 | 6 | 13 |
| | | | Expected Count | 5.1 | 3.4 | 4.5 | 13.0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | % within Горни_употребна_дете | 46.2 % | 7.7 % | 46.2 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 3 | 5 | 2 | 10 |
| | | | Expected Count | 3.9 | 2.6 | 3.5 | 10.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 30.0 % | 50.0 % | 20.0 % | 100.0 % |
| | Total | | Count | 9 | 6 | 8 | 23 |
| | | | Expected Count | 9.0 | 6.0 | 8.0 | 23.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 39.1 % | 26.1 % | 34.8 % | 100.0 % |
| Total | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 229 | 3 | 58 | 290 |
| | | | Expected Count | 224.2 | 10.4 | 55.4 | 290.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 79.0 % | 1.0 % | 20.0 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 30 | 9 | 6 | 45 |
| | | | Expected Count | 34.8 | 1.6 | 8.6 | 45.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 66.7 % | 20.0 % | 13.3 % | 100.0 % |
| | Total | | Count | 259 | 12 | 64 | 335 |
| | | | Expected Count | 259.0 | 12.0 | 64.0 | 335.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 77.3 % | 3.6 % | 19.1 % | 100.0 % |

**Chi-Square Tests**

| Доминантна латерализација на мајката | | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|---|
| десна | Pearson Chi-Square | 19.500[b] | 2 | .000 |
| | N of Valid Cases | 312 | | |
| лева | Pearson Chi-Square | 5.367[c] | 2 | .068 |
| | N of Valid Cases | 23 | | |
| Total | Pearson Chi-Square | 40.785[a] | 2 | .000 |
| | N of Valid Cases | 335 | | |

a. 1 cells (16.7%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 1.61.
b. 1 cells (16.7%) have expected count less than 5. The minimum expected count is .67.
c. 5 cells (83.3%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 2.61.

Резултатите укажуваат на постоење статистички значајна разлика за деснораките, но не и на леворакие мајки во однос на подавањето на шишето на нивните деца. Целокупно, разликата во резултатите е статистички значајна.

***Табела бр.4 Активност: подавање на прибор, во корелација со доминантната латерализација на мајките и децата***

| Доминантна латерализација на мајката | | | | Подавање_прибор | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | десна | лева | средина | |
| десна | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 249 | 1 | 27 | 277 |
| | | | Expected Count | 240.6 | 9.8 | 26.6 | 277.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 89.9 % | 0.4 % | 9.7 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 22 | 10 | 3 | 35 |
| | | | Expected Count | 30.4 | 1.2 | 3.4 | 35.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 62.9 % | 28.6 % | 8.6 % | 100.0 % |
| | Total | | Count | 271 | 11 | 30 | 312 |
| | | | Expected Count | 271.0 | 11.0 | 30.0 | 312.0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | % within Горни_употребна_дете | 86.9 % | 3.5 % | 9.6 % | 100.0 % |
| лева | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 9 | 1 | 3 | 13 |
| | | | Expected Count | 7.3 | 4.0 | 1.7 | 13.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 69.2 % | 7.7 % | 23.1 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 4 | 6 | 0 | 10 |
| | | | Expected Count | 5.7 | 3.0 | 1.3 | 10.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 40.0 % | 60.0 % | 0.0 % | 100.0 % |
| | Total | | Count | 13 | 7 | 3 | 23 |
| | | | Expected Count | 13.0 | 7.0 | 3.0 | 23.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 56.5 % | 30.4 % | 13.0 % | 100.0 % |
| Total | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 258 | 2 | 30 | 290 |
| | | | Expected Count | 245.9 | 15.6 | 28.6 | 290.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 89.0 % | 0.7 % | 10.3 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 26 | 16 | 3 | 45 |
| | | | Expected Count | 38.1 | 2.4 | 4.4 | 45.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 57.8 % | 35.6 % | 6.7 % | 100.0 % |
| | Total | | Count | 284 | 18 | 33 | 335 |
| | | | Expected Count | 284.0 | 18.0 | 33.0 | 335.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 84.8 % | 5.4 % | 9.9 % | 100.0 % |

**Chi-Square Tests**

| Доминантна латерализација на мајката | | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|---|
| десна | Pearson Chi-Square | 72.801[b] | 2 | .000 |
| | N of Valid Cases | 312 | | |
| лева | Pearson Chi-Square | 8.243[c] | 2 | .016 |
| | N of Valid Cases | 23 | | |
| Total | Pearson Chi-Square | 93.138[a] | 2 | .000 |
| | N of Valid Cases | 335 | | |

a. 2 cells (33.3%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 2.42.
b. 2 cells (33.3%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 1.23.
c. 4 cells (66.7%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 1.30.

Резултатите од табела 4 и Хи квадрат тестот повторно укажуваат на тоа дека статистички значајна разлика постои само кај десноракитe мајки, но целокупната разлика во резултатите е статистички значајна.

***Табела бр.5 Активност: подавање на боичка, во корелација со доминантната латерализација на мајките и децата***

| Доминантна латерализација на мајката | | | | Подавање_боичка | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | десна | лева | средина | |
| десна | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 249 | 2 | 26 | 277 |
| | | | Expected Count | 239.7 | 9.8 | 27.5 | 277.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 89.9 % | 0.7 % | 9.4 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 21 | 9 | 5 | 35 |
| | | | Expected Count | 30.3 | 1.2 | 3.5 | 35.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 60.0 % | 25.7 % | 14.3 % | 100.0 % |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | | Count | 270 | 11 | 31 | 312 |
| | | | Expected Count | 270.0 | 11.0 | 31.0 | 312.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 86.5 % | 3.5 % | 9.9 % | 100.0 % |
| лева | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 12 | 0 | 1 | 13 |
| | | | Expected Count | 8.5 | 3.4 | 1.1 | 13.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 92.3 % | 0.0 % | 7.7 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 3 | 6 | 1 | 10 |
| | | | Expected Count | 6.5 | 2.6 | .9 | 10.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 30.0 % | 60.0 % | 10.0 % | 100.0 % |
| | Total | | Count | 15 | 6 | 2 | 23 |
| | | | Expected Count | 15.0 | 6.0 | 2.0 | 23.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 65.2 % | 26.1 % | 8.7 % | 100.0 % |
| Total | Доминантна латерализација на детето | десна | Count | 261 | 2 | 27 | 290 |
| | | | Expected Count | 246.7 | 14.7 | 28.6 | 290.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 90.0 % | 0.7 % | 9.3 % | 100.0 % |
| | | лева | Count | 24 | 15 | 6 | 45 |
| | | | Expected Count | 38.3 | 2.3 | 4.4 | 45.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 53.3 % | 33.3 % | 13.3 % | 100.0 % |
| | Total | | Count | 285 | 17 | 33 | 335 |
| | | | Expected Count | 285.0 | 17.0 | 33.0 | 335.0 |
| | | | % within Горни_употребна_дете | 85.1 % | 5.1 % | 9.9 % | 100.0 % |

**Chi-Square Tests**

| Доминантна латерализација на мајката | | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|---|
| десна | Pearson Chi-Square | 59.010[b] | 2 | .000 |
| | N of Valid Cases | 312 | | |
| лева | Pearson Chi-Square | 11.199[c] | 2 | .004 |
| | N of Valid Cases | 23 | | |
| Total | Pearson Chi-Square | 88.597[a] | 2 | .000 |
| | N of Valid Cases | 335 | | |

a. 2 cells (33.3%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 2.28.
b. 2 cells (33.3%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 1.23.
c. 4 cells (66.7%) have expected count less than 5. The minimum expected count is .87.

## Дискусија

Добиените резултати, од вкупно 335 испитаници, покажуваат очекуван поголем број деца и мајки кај кои доминантен е десниот екстремитет. Со оглед на тоа што се работи за случаен примерок, овие резултати секако се совпаѓаат со резултатите на голем број истражувачи кои покажуваат дека застапеноста на леворакоста во општата популација изнесува од 10 % (Hardyck&Petrinovich, 1977; Papadatou-Pastou, Martin, Munafò& Jones, 2008) до 15 % (Porac, 2016). Во нашето истражување, процентот на леворaки деца изнесува 13 %, додека пак на мајките 7 %. Со оглед на тоа што постојат одредени показатели дека леворакоста е почеста кај лицата од машки, отколку кај лицата од женски пол (Goodman, 2014; Vuoksimaa, Koskenvuoa, Rosea, &Kaprio 2009), процентот на леворaки мајки е очекувано помал.

Целта на истражувањето беше да се утврди какво е влијанието на интеракцијата мајка-дете во однос на латерализацијата на горните екстремитети кај детето и поради тоа беа испитани влијанијата на мајката во три секојдневни ситуации. Првото можно влијание е преку подавањето на шишето/цуцлата на детето, односно во која рака мајката ги подава овие предмети. Шишето е предмет кој често се употребува во текот на првите години од животот на детето и поради тоа беше одбрано како една од социјалните активности во ова истражување. Резултатите покажуваат дека без разлика на доминантната латерализација на мајката, шишето најчесто било подавано во десната рака на децата, дури и кај леворакие деца. Сепак, резултатите покажуваат статистички значајна разлика кај десноракие мајки на ниво на значајност од $p<0.01$. Од вкупно 312 деснораки мајки, 250 од нив го подавале шишето/цуцлата во десната рака на детето, вклучувајќи ги овде и 27-те левораки деца (во примерокот има вкупно 35 левораки деца на деснораки мајки). Поради овие резултати, првата помошна хипотеза се потврдува ($X_1$ - Десноракие мајки почесто подаваат цуцла и шише во десната рака на своите деца).

Што се однесува до втората активност во интеракцијата помеѓу детето и мајката, подавањето на приборот за јадење, резултатите од табелата број 4 укажуваат на тоа дека мајките со десна доминантна рака, најчесто приборот за јадење го подавале во десната рака на детето. Потребно е да се истакне дека на 22 од вкупно 35 деца со лев доминантен горен екстремитет, мајките десничари го подавале приборот во нивната десна рака. Разликата во овие резултати е и статистички значајна, на ниво на значајност од $p<0.01$. Иако статистичката значајност во резултатите не постои кај податоците за мајките левучари, впечатливо е дека тие повеќе внимавале на доминантната латерализација кај своите деца и најчесто го подавале приборот во десната рака на децата со доминантна десна рака, како и во левата на децата со лева доминантна рака. Во однос на целокупните резултати за оваа активност, позитивно е да се потенцира дека на второ место е подавањето на приборот на средина (10 %), што овозможува самостоен избор на детето за употреба на приборот, согласно со сопствената доминантност. Втората помошна хипотеза ($X_2$ - Постои статистички значајна разлика помеѓу десноракие и леворакие мајки при подавањето на приборот во доминантната рака на нивните деца) се потврдува, со оглед на резултатот од Хи квадрат, тестот за целокупната табела.

Третата активност во која беше испитувано влијанието на доминантната латерализација на мајката беше подавањето на прибор за боење. Резултатите се слични како и претходните, десноракие мајки во најголем број од случаите (f=270) ги подавале боичките во десната рака на своите деца, вклучувајќи ги и леворакие деца. Од друга страна пак, леворакие мајки, без исклучок, секогаш боичките ги подавале во десната рака на своите деснораки деца. Кога станува збор за леворакие деца на леворакие мајки, најчесто (f=6 од вкупно 10) боичките ги подавале во левата рака на децата. Разликата во добиените резултати е статистички значајна на ниво на значајност од $p<0.01$ и со тоа можеме да ја потврдиме и третата помошна хипотеза ($X_3$- Леворакие мајки почесто ги подаваат боичките во доминантната рака на нивните деца, отколку десноракие мајки).

Ако се земат предвид целокупните резултати од спроведеното истражување и добиените податоци од Хи квадрат тестот, тогаш нултата хипотеза се отфрла и се прифаќа алтернативната хипотеза $X_A$поради тоа што не само што доминантната латерализација на горните екстремитети на мајката има улога во извршувањето на секојдневните активности со нивните деца, туку постои и статистички значајна разлика помеѓу десноракие и леворакие мајки во извршувањето на овие активности.

## Заклучок

Спроведеното истражување укажува на постоење врска помеѓу доминантната латерализација на мајката и нејзиното влијание врз употребната латерализација на горните екстремитети кај децата, преку извршувањето на секојдневните активности, како што се подавањето на priborот за јадење или боење. Забележливо е дека деснораките мајки имаат тенденција да ги подаваат предметите кои се употребуваат еднорачно, во десната рака на нивните деца, без да ја земат предвид раката која децата ја преферираат за употреба, што не е случај кај мајките со доминантна лева рака. Сепак, потребно е да се потенцира дека и покрај влијанието од страна мајките, дел од децата, сепак, ја развиле спротивната доминација на горните екстремитети, што укажува на тоа дека врз латерализацијата на екстремитетите играат улога повеќе фактори. Поради тоа, потребно е да се спроведуваат понатамошни истражувања во кои ќе се поврзат биолошките со срединските фактори кои може да влијаат врз развојот на доминантната латерализираност на екстремитетите.

## Литература


Hardyck, C., &Petrinovich, L. F. (1977). Left handedness. *Psychological Bulletin*, 84, 385–404.

Ćordić, A.&Bojanin, C. (1992). *Opštadefektološkadijagnostika*. Beograd: Zavodzaudžbenikeinastavnasredstva.

Бојанин, С. (2016). *Третман покретом и саветовање.* Београд: Помоћ породици.

Annett, M. (2013). *Handedness and Brain Asymmetry: The Right Shift Theory*. Hove, East Sussex: Psychology Press.

Chisnall, R. (2012). A Brief History of Handedness Research. In J. Dunham & T. Davenport (Eds.) *Handedness: Theories, Genetics and Psychology*, pp. 45-68. New York: Nova Science Plublishers.

Harris, L. J. (1990). Cultural Influences on Handedness: Historical and Contemporary Theory and Evidence. In S. Coren (Ed.) Left-handedness: Behavioral Implications and Anomalies, pp. 195-258. Amsterdam: Elsiver Science Publishers.

Morange-Majoux, F. & Devouche, E. (2014). Social encouragement can influence manual preference in 6 month-old-infants. *Frontiers in Psychology*, 5, 1225.

Bojanin S. (1985). *Neuropsiohologija razvojnog doba i opšti redukativni metod*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Perelle, I. B.&Ehrman L. (2005). On the other hand. *Behavior Genetics*, 35(3), pp.343–50.

Papadatou-Pastou M., Martin M., Munafò M. R. & Jones G. V. (2008). Sex differences in left-handedness: a meta-analysis of 144 studies. ***Psychological Bulletin,*** 134(5), pp. 677–699.

Johnston,D. W., Shah, M. & Shields, M. A. (2007). Handedness, Time Use and Early Childhood Development. Melbourn: IZA.

Porac, C. (2016). *Laterality: Exploring the Enigma of Left-Handedness*. Amsterdam: Academic Press.

Goodman, J. (2014). The Wages of Sinistrality: Handedness, Brain Structure, and Human Capital Accumulation. *Journal of Economic Perspectives*, 28(4), pp. 193-212.

Vuoksimaa E., Koskenvuoa M., Rosea R.J., Kaprio J. 2009. "Origins of Handedness: A Nationwide Study of 30,161 Adults." Neuropsychologia 1294–1301.

# THE INFLUENCE OF THE DOMINANT MATERNAL LATERALIZATION ON THE PERFORMANCE OF EVERYDAY ACTIVITIES AND THE DOMINANT LATERALIZATION OF THE UPPER LIMBS IN THEIR CHILDREN

**Maja Filipovska**
**Olivera Rashikj-Canevska**
**Aleksandra Karovska Ristovska**
**Natasa Stanojkovska-Trajkovska**

Institute of Special Education and Rehabilitation, Faculty of Philosophy, University "St. Cyril and Methodius " Skopje

## Abstract

*Given the existence of biological and environmental theories of upper limb dominance, the research carried out aims to determine the existence of the influence of the dominant lateralization of the upper limbs of the mother in performing everyday activities with their children. For this purpose, a sample of 335 female respondents was used and tasks of three daily activities were set: delivery of a bottle to the child, offering of cutlery and delivery of a coloring item (wooden crayon). The processed results with the Chi square test show that the dominant maternal lateralization plays a role in everyday activities with children, regardless of the dominant upper limb of the children.*

**Key words:** dominant lateralization, upper limbs, right-handedness, left-handedness